ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - СКОПЈЕ
NP HIGJIENA KOMUNALE - SHKUP

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА - Скопје**

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

Број/numër 03-3219

Дата/data 17-07-2019

# ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на ЈП Комунална хигиена – Скопје за период I –VI/2019 година

ЈУЛИ/ 2019 ГОД.

# СОДРЖИНА


| Р.БР. | НАЗИВ | СТР. |
|---|---|---|
| | **ВОВЕД** | 3 |
| **1.** | **ИЗВРШЕНИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | 5 |
| 1.1 | СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД | 5 |
| 1.1.2. | СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ОД РУРАЛНИ СРЕДИНИ | 8 |
| 1.1.3. | СЕЛЕКЦИЈА НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД и ТРАНСФЕР ЦЕНТРИ | 19 |
| 1.2. | ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ | 10 |
| 1.3. | ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ | 12 |
| 1.4. | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ | 13 |
| **2.** | **МЕХАНООПРЕМЕНОСТ** | 15 |
| 2.1. | СОСТОЈБА НА ВОЗНИОТ ПАРК | 15 |
| 2.2. | ПОТРОШУВАЧКА НА ДИЗЕЛ ГОРИВО | 16 |
| 2.3. | ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 20 |
| **3.** | **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | 21 |
| 3.1. | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ | 21 |
| 3.2. | ИСКОРИСТЕНОСТ НА ФОНД НА РАБОТНО ВРЕМЕ | 22 |
| 3.3. | ИСПЛАТЕНИ ПРОСЕЧНИ НЕТО ПЛАТИ | 23 |
| **4.** | **ОСТВАРЕНИ ДЕЛОВНИ РЕЗУЛТАТИ** | 25 |
| **4.1.1** | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА (БИЛАНС НА УСПЕХ)** | 25 |
| **I.** | ПРИХОДИ | 27 |
| **II** | РАСХОДИ | 31 |
| **4.3.1** | **ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА** | 37 |
| **I.** | АКТИВА | 37 |
| **II.** | ПАСИВА | 39 |
| **5.** | **ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ ИЗРАЗЕН ПРЕКУ ПОВРШИНИ – м$^2$ ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД и БРОЈ НА КОРИСНИЦИ** | 40 |
| 5.1. | ПРАВНИ ЛИЦА | 42 |
| 5.2. | ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 43 |
| **6** | **НАПЛАТА НА УСЛУГИТЕ** | 44 |
| **6.** | НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊАТА ОД ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА ПО ОСНОВ НА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД | 44 |
| 6.1. | НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 47 |
| 6.2. | НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА ОД ОД РУРАЛНИ СРЕДИНИ | 51 |
| 6.3. | НАПЛАТА НА ПОБАРУВАЊА ОД ПРАВНИ ЛИЦА | 55 |
| | КОНСТАТАЦИИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО | 56 |

# ВОВЕД

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | **ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – Скопје** |
| Седиште на субјектот: | **ул. 516 бр.10** |
| ЕДБ на субјектот: | **МК 4030992102919** |
| Идентификационен број: | **4528972** |

**Основање / правна форма**

Јавното претпријатие ЈП Комунална хигиена –Скопје е организирано со Одлука за поделба на ЈКП Комуналец – Скопје број 02-8800/7 од 08.10.1992 година и е запишано во судски регистар кај Окружниот Стопански суд во Скопје со Решение СРЕГ бр.16602/92 од 29.12.1992 година.

Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје се усогласи со Законот за јавни претпријатија согласно Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр. 28/04; измени и дополнувања во 84/05, 71/06, 84/05, 25/07, 87/08) при што е упишано во Трговскиот регистар на регистарскиот суд од 03.10.2001 год. со Трег.бр.1470/2001.

Основач и сопственик на Јавното претпријатие е Град Скопје со седиште на Бул. Илинден бр.82 .

Од Март 2012 год. Претпријатието успешно ги воведе и имплементира барањата на Стандардот ISO 9001 за што доби и Сертификат, кој успешно го одржува до денес.

Во тек na 2018 год.ЈП Комунална хигиена се стекна со **Сертификат на системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот МКСЕN ISO 9001:2015** и ги продолжува активностите за имплементирање на барањата на новиот модел 14001:2015.

Ова само ја потврдува стратешката определба на претпријатието и менаџерскиот тим за постојано унапредување и подобрување на работењето и задоволувањето на барањата на корисниците и законските прописи.

## ДЕЈНОСТ

Јавното претпријатие Комунална хигиена-Скопје врши дејност согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот,Закон за јавна чистота и Националната класификација на дејности со следните називи на дејност:

Шифра на дејноста на ЈП Комунална хигиена е:

**38.11 – Собирање на безопасен отпад;**

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Заради вршење на основната дејност од јавен интерес од областа на комуналните дејности и другите комунални дејности утврдени во Статутот на јавното претпријатие Комунална хигиена - Скопје, а врз основа на групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, во Претпријатието се образуваат самостојни организациски единици, сектори, одделенија и оддели.

Според Правилникот за внатрешна организација, Претпријатието е организирано како следи:

А. Главен асистент на директорот
Б. Помошник на директорот
В. Советник на директорот
Г. Професионална одговорност
Д. Внатрешна ревизија
Ѓ. Јавни набавки
Е. ЕКО Патрола

**1. Сектор подршка на менаџмент**
**2. Сектор Комунална хигиена**
**3. Сектор индустриски неопасен отпад**
**4. Сектор дополнителни дејности**
**5. Сектор механизација**
**6. Сектор за финансиски работи**
**7. Сектор за правни работи и човечки ресурси**
**8. Сектор за ИТ, квалитет и развој**

Во состав на организационите единици- Сектори, се формирани одделенија а во состав на одделенијата во зависност од техничко- технолошките карактеристики на процесот на работа, се формирани оддели.

## ПЛАТЕН ПРОМЕТ

Платниот промет Јавното претпријатие го извршува преку повеќе банки со следните жиро сметки и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 300000000398027 | Комерцијална банка Скопје |
| Денарска сметка | 200000098823689 | Стопанска банка Скопје |
| Денарска сметка | 210045289720181 | Тутунска банка Скопје |
| Денарска сметка | 370011100075815 | Еуростандард банка Скопје |
| Денарска сметка | 370016010042282 | Еуростандард банка-Поштенска |
| Денарска сметка | 530010101070538 | Охридска банка Скопје |
| Денарска сметка | 320100021627121 | Централна кооперативна банка Скопје |
| Денарска сметка | 250027000111131 | Шпаркасе банка Скопје |
| Денарска сметка | 290000013363741 | ТТК банка Скопје |
| Денарска сметка | 270045289720188 | ХАЛК банка Скопје |
| Денарска сметка | 380177115405177 | Прокредит Банка Скопје |
| Девизна сметка | 073007010006927<br>41-027010006927 | Комерцијална банка АД-Скопје |

Средствата за работење на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје во најголем дел се обезбедуваат од цената што корисниците ја плаќаат за извршената услуга ( собирање и транспортирање на комунален отпад) од физички лица –домаќинства и правни лица –стопански и нестопански субјекти.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Органи на управување на ЈП Комунална хигиена – Скопје се:

- **Управен одбор** составен од **12 члена**, со мандат од 4 години, кои ги именува и разрешува Советот на Град Скопје.

- **Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење** составен од **5 члена** , со мандат од 4 години, исто така избрани и назначени од Советот на Град Скопје.

- **Директор**, со мандат од 4 години, кого го именува и разрешува Градоначалникот на Град Скопје.

ЈП Комунална хигиена во правниот промет со трети лица има неограничени овластувања и целосна одговорност, а како овластено лице за застапување е назначен Директор **Абдусамед Шабани.**

## 1. ИЗВРШЕНИ ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

**Основна дејност**

### 1.1. Собирање и транспортирање на комунален отпад

**- Вкупниот број на поставени наменски садови - контејнери во Градот е: 4.152 парчиња од 1.100 литри и 64.577 пластични канти од 120 литри наменети за Домаќинствата, и за Правните лица 383 парчиња од 5.000 литри и 711 парче од 1.100 литри.**

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно.Кај селектираниот отпад подигањето се врши еднаш неделно, односно во зависност од потребата.

- **Исто така на подрачјето на Град Скопје функционираат и подземни контејнери и тоа на 39 локации распоредени во пет Општини.**

- **Во Општина Центар на 16 локации,**
- **Во Општина Чаир на 5 локации,**
- **Во Општиан Гази Баба на 6 локации,**

- **Во Општина Кисела Вода на 6 локации,**
- **Во Општина Аеродром на 6 локации.**

**Бројот на контејнери изнесуваат 112 и сите се за одлагање на комунален отпад.**

Во руралниот дел поставени се 17.381 пластични канти од 120 литри и отпадот се собира од 19.771 домаќинство. Динамика на подигање на отпадот од пластичните контејнери е еднаш неделно.

Во периодот Јануари - Јуни/2019 година собрани и транспортирани се **72.495 тони** комунален отпад или просечно **401** тони дневно.Направени се **11.800 тури** односно во просек **65** тури дневно. Во однос на 2018 год. количината на собран и транспортиран отпад во 2019 год. е **помала за 1.806 тони**- односно за **2,43%,** како и **бројот на турите** кој е **помал за 2.849 тури – 19,45%.**

Во следниот Преглед бр.1 дадени се собраните количини на комунален отпад и број на тури по месеци за период Јануари – Јуни/2019 година споредени со 2018 год.

**Преглед бр.1**
**На собран и транспортиран комунален отпад и број на тури**

| МЕСЕЦИ | Собран комунален отпад во 2019 г. (тони) | Број на тури 2019 | Собран комунален отпад во 2018 г. (тони) | Број на тури 2018 | Индекс/ Отпад (2:4) | Индекс/ Тура (3:5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 10.962 | 2.197 | 11.332 | 2.318 | 96,73 | 94,78 |
| **ФЕВРУАРИ** | 10.790 | 2.069 | 10.200 | 2.106 | 105,78 | 98,24 |
| **МАРТ** | 12.415 | 1.954 | 12.494 | 2.424 | 99,37 | 80,61 |
| **АПРИЛ** | 12.476 | 1.851 | 13.671 | 2.783 | 91,26 | 66,51 |
| **МАЈ** | 13.088 | 1.909 | 13.460 | 2.638 | 97,24 | 72,37 |
| **ЈУНИ** | 12.764 | 1.820 | 13.144 | 2.380 | 97,11 | 76,47 |
| **ВКУПНО** | **72.495** | **11.800** | **74.301** | **14.649** | **97,57** | **80,55** |



Во Прегледот бр.2 и бр.3 се прикажани количините на собран и транспортиран комунален отпад во урбани и рурални средини за разгледуваниот период и споредени со 2018 година

## Преглед бр.2
## На собран и транспортиран комунален отпад од градско подрачје и од рурални подрачја за период Јануари – Јуни/2019 година

| Месеци | 2019 год. | | | 2018 год. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собран и транспортиран отпад од | | Вкупно (2+3) | Собран и транспортиран отпад од | | Вкупно (5+6) | Индекс (2:5) | Индекс (3:6) |
| | Градско подрачје | Рурални подрачја | | Градско подрачје | Рурални подрачја | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Јануари | 10.010 | 952 | **10.962** | 10.487 | 845 | **11.332** | 95,45 | 112,66 |
| Февруари | 9.760 | 1.030 | **10.790** | 9.531 | 669 | **10.200** | 102,40 | 153,96 |
| Март | 11.358 | 1.057 | **12.415** | 11.654 | 840 | **12.494** | 97,46 | 125,83 |
| Април | 11.344 | 1.132 | **12.476** | 12.642 | 1.029 | **13.671** | 89,73 | 110,01 |
| Мај | 11.877 | 1.211 | **13.088** | 12.478 | 982 | **13.460** | 95,18 | 123,32 |
| Јуни | 11.638 | 1.126 | **12.764** | 12.314 | 830 | **13.144** | 94,51 | 135,66 |
| 01-06 | **65.987** | **6.508** | **72.495** | **69.106** | **5.195** | **74.301** | **95,49** | **125,27** |

## Преглед бр.3
## На собран и транспортиран комунален отпад од градско подрачје и од рурални подрачја за периодЈануари – Јуни/2019 година споредено со 2018 година

| Подрачје | Собран комунален отпад во 2019 г. (тони) | Стр. | Собран комунален отпад во 2018 г. (тони) | Стр. | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | | 4 (2-3) | 5 (2:3) |
| Градско подрачје | 65.987 | 91,02 | 69.106 | 93,01 | **-3.119** | **95,49** |
| Рурални подрачја | 6.508 | 8,98 | 5.195 | 6,99 | **1.313** | **125,27** |
| **Вкупно:** | **72.495** | 100 | **74.301** | 100 | **-1.806** | **97,57** |



### 1.1.2. Собирање и транспортирање на комунален отпад од рурални средини

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Сарај.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично и ангажирани се 8 (осум специјални возила).

Во следниот Преглед е прикажан и вкупно собран отпад од руралните средини и бројот на тури за период Јануари - Јуни/2019год. година по месеци споредено со 2018 год. од каде може да се види зголемување на отпадот за 25,27% и на бројот на турите за 23,25%.

| Месец | Количина на отпад 2019 г. (во тони) | Број на тури | Количина на отпад 2018 г. (во тони) | Број на тури | Индекс /отпад (2:4) | Индекс /тури (3:5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Јануари** | 952 | 285 | 845 | 215 | 112,66 | 132,56 |
| **Февруари** | 1.030 | 200 | 669 | 184 | 153,96 | 108,70 |
| **Март** | 1.057 | 269 | 840 | 220 | 125,83 | 122,27 |
| **Април** | 1.132 | 285 | 1.029 | 243 | 110,01 | 117,28 |
| **Мај** | 1.211 | 305 | 982 | 234 | 123,32 | 130,34 |
| **Јуни** | 1.126 | 262 | 830 | 207 | 135,66 | 126,57 |
| **Вкупно:** | **6.508** | **1.606** | **5.195** | **1.303** | **125,27** | **123,25** |



### 1.1.3 Селекција на отпад и трансфер центри

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата се собира, пресува и складира, како и стаклото, хартијата и картонската амбалажа кои се собираат и складираат се предава на Пакомак и Нутривет.

Следи Преглед на собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија и картонска амбалажа и стакло за период од 01.01 до 30.06.2019 година споредено со истиот период од 2018 година.

**Преглед**
**На собрани количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа и стакло за период од 01.01 до 30.06.2019 година споредена со 2018 година**

| Месеци | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Јануари | 2.273 | 15.480 | 21.260 |
| Февруари | 0 | 3.276 | 20.410 |
| Март | 0 | 0 | 24.780 |
| Април | 0 | 2.832 | 20.790 |
| Мај | 0 | 0 | 30.350 |
| Јуни | 638 | 32.620 | 23.030 |
| ***Вкупно 2019:*** | ***2.911*** | ***54.208*** | ***140.620*** |
| ***Вкупно 2018:*** | ***215*** | ***6.000*** | ***74.940*** |




Од Прегледот може да се забележи зголемување кај вкупно собраните количини на хартија и картонска амбалажа. За период Јануари - Јуни/2019 година собрани се 54.208 кг. и во однос на разгледуваниот период во 2018 година од 6.000 кг. односно повеќе за 48.208 кг. `

Кај количините на собрана **ПЕТ амбалажа и најлон** се забележува зголемување. Во 2019 година собрани се 2.911 кг. и во однос на 2018 година кога беа собрани 215 кг. имаме **зголемување за 2.696 кгр**.

Количините на собрано **стакло** се исто така зголемени во однос на разгледуваниот период во однос на 2018 година, во 2019 собрани се 140.620 кг. или **повеќе за 65.680 кг**. од 2018 година кога беа 74.940 собрани кг.

**Преглед**
**на предадена количина на Пакомак и Нутривет**
**за период од 01.01 до 30.06.2019 година**

| Месеци | Предадено на Нутривет - Пакомак | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2019 година | ПЕТ амбалаж а (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) | Најлон (кгр) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Јануари | 2.022 | 15.480 | 21.260 | 251 |
| Февруари | 0 | 3.276 | 20.410 | 0 |
| Март | 0 | 0 | 24.780 | 0 |
| Април | 0 | 2.832 | 20.790 | 0 |
| Мај | 0 | 0 | 30.350 | 0 |
| Јуни | 638 | 32.620 | 23.030 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***2.660*** | ***54.208*** | ***140.620*** | ***251*** |

## 1.2. Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини

### Одржување на јавната чистота

Одржување на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење (рачно и машински) на јавните сообраќајни површини, притоа празнење и чистење на корпите за отпадоци поставени на јавните површини, како и чистење на сметот (до и околу контејнерите за комунален отпад, пешачките зони, тротоари, пешачки премини, мостови и друго) .

Оваа активност Претпријатието ја извршува согласно годишните програми и Оперативниот план.

### Категоризација на јавните сообраќајни површини

Категоризацијата на јавните сообраќајни површини на подрачјето на Град Скопје е извршена согласно критериумите и нормите за одржување на јавната чистота, концентрација на населението и инфраструктурната претпоставка, социјалните и културни навики, фреквенцијата на движењето и сообраќајот.

Извршена е категоризација на јавните сообраќајни површини на три категории на подрачјето на Град Скопје и тоа:

| Категорија | Површина – м$^2$ | Процент |
|---|---|---|
| Прва категорија | 422.847 | 7 % |
| Втора категорија | 1.968.963 | 31 % |
| Трета категорија | 3.836.715 | 62 % |
| **Вкупно:** | **6.228.525** | **100%** |

Согласно горенаведената категоризација на површините, се предвидува динамиката, начинот на одржување на јавната чистота и површина на делување по Општини.

За периодот Јануари – Јуни/2019 на подрачјето на Град Скопје планирана е вкупна површина на чистење од 329.059.566 м$^2$.

За разгледуваниот период исчистената површина изнесува 303.116.120 м$^2$, односно за 7,88 % помалку од планираната 329.059.566 м$^2$.

## ПРЕГЛЕД
## На планирано и исчистени јавни сообраќајни површини за перод Јануари – Јуни/2019 година

| ОПШТИНИ | Вкупно планирано м$^2$ | Вкупно остварено м$^2$ | Стр. на остварено | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **ЦЕНТАР** | | | | |
| I | 75.091.020 | 68.377.000 | | |
| II | 71.271.669 | 65.371.500 | | |
| III | 4.042.870 | 3.744.000 | | |
| **ВКУПНО** | **150.405.559** | **137.492.500** | **45,36** | **91,41** |
| **К.ВОДА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 16.441.538 | 15.072.000 | | |
| III | 2.786.520 | 2.658.000 | | |
| **ВКУПНО** | **19.228.058** | **17.730.000** | **5,85** | **92,21** |
| **АЕРОДРОМ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 12.948.781 | 11.858.000 | | |
| III | 5.802.908 | 4.782.000 | | |
| **ВКУПНО** | **18.751.689** | **16.640.000** | **5,49** | **88,74** |
| **КАРПОШ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 43.940.387 | 38.816.000 | | |
| III | 6.254.885 | 5.254.000 | | |
| **ВКУПНО** | **50.195.272** | **44.070.000** | **14,54** | **87,80** |
| **ЧАИР** | | | | |
| I | 8.809.570 | 8.940.000 | | |
| II | 36.832.634 | 35.629.000 | | |
| III | 2.927.936 | 2.942.000 | | |
| **ВКУПНО** | **48.570.140** | **47.511.000** | **15,67** | **97,82** |
| **БУТЕЛ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 8.519.614 | 8.680.000 | | |
| III | 1.962.415 | 2.104.000 | | |
| **ВКУПНО** | **10.482.029** | **10.784.000** | **3,56** | **102,88** |
| **ГАЗИ БАБА** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 17.120.684 | 15.341.000 | | |
| III | 5.145.651 | 4.824.000 | | |
| **ВКУПНО** | **22.266.335** | **20.165.000** | **6,65** | **90,56** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ѓ.ПЕТРОВ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 6.351.549 | 6.090.000 | | |
| III | 2.038.195 | 1.952.000 | | |
| **ВКУПНО** | **8.389.744** | **8.042.000** | **2,65** | **95,86** |
| **Ш.ОРИЗАРИ** | | | | |
| I | 0 | 0 | | |
| II | 113.680 | 95.060 | | |
| III | 657.060 | 586.560 | | |
| **ВКУПНО** | **770.740** | **681.620** | **0,22** | **88,44** |
| ***СЕ ВКУПНО*** | ***329.059.566*** | ***303.116.120*** | ***100,00*** | **92,12** |

## 1.3. Дополнителни дејности

### - 1.3.1. Чистење на септички јами

Чистењето на септички јами се врши по барање на физички и правни лица.Во текот на првите шест месеци во 2019 година извршени се услуги на 7 правни лица за чистење на септички јами и исчистени се вкупно 160 м$^3$.

Остварениот физички обем на ова Одделение за период Јануари – Јуни/2019 година споредено со истиот период во 2018 година е прикажан во следната табела:

| ОПИС | 2019 год. | 2018 год. | Индекс 2019/2018 |
|---|---|---|---|
| - Број на извршени услуги -правни лица | 7 | 8 | 87,50 |
| - Исчистени м$^3$ | 160 | 88 | 181,82 |

Од табелата може да се види дека бројот на извршени услуги е намален за 12,50%, додека количината на исчистени фекални води изразена во м$^3$ е зголемена за 72 м$^3$ односно за 81,82% . Истото се должи на зголемен број на направени тури, кои се во зависност од потребите на правните субјекти.

### - 1.3.2. Одделение за подигање на згазени и умрени животни и заловување на кучиња и нивно третирање во стационар

Со Одлука на Градот донесена на Советот на Град Скопје на 29 та седница одржана на 28.02.2019 година, формирано е ново ЈП за благосостојба на животни скитници на подрачјето на Град Скопје - Лајка. Градот Скопје ќе го пренесе управувањето, стопанисувањето и користењето на целокупниот имот и средства од постојниот стационар Вардариште кој функционираше во рамките на ЈП Комунална хигиена на ЈП Лајка, за кое двете јавни претпријатија ќе склучат посебен договор со кој ќе се уреди преземањето на обврските.

Одделението за подигање на згазени и умрени животни и уловување на животни скитници на подрачјето на Град Скопје, ќе ги извршува секојдневните обврски во делот на подигање на згазени и умрени животни до склучување на договорот помеѓу ЈП КХС и ЈП Лајка за преземање на обврските.

Во Прегледот што следи може да се види бројот на подигнати, згазени и умрени животни од улиците на град Скопје, во текот на првите шест месеци во 2019 година споредени со истиот период во 2018 година:

| Опис | I | II | III | IV | V | VI | Вкупно I-VI 2019 | Вкупно I-VI 2018 | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 (8:9) |
| Кучиња | 16 | 31 | 17 | 11 | 15 | 23 | 113 | 140 | **80,71** |
| Мачки | 16 | 13 | 10 | 20 | 20 | 33 | 112 | 83 | **134,94** |
| Др. Добиток | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | **50,00** |
| **Вкупно мрши:** | **32** | **44** | **27** | **32** | **35** | **56** | **226** | **225** | **100,44** |

## ПРЕГЛЕД
## На заловени и третирани бездомни животни во стационарот Вардариште за период од 01.01 – 30.06.2019 година споредено со истиот период во 2018 година

| Месеци / Опис | I | II | III | IV | V | VI | Вкупно I-VI 2019 | Вкупно I-VI 2018 | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 (8:9) |
| **Заловени** | 93 | 120 | 72 | 0 | 0 | 0 | **285** | **405** | **70,37** |
| **Кастр/Оварх.** | 69 | 90 | 57 | 0 | 0 | 0 | **216** | **306** | **70,59** |
| **Еутаназирани** | 12 | 9 | 8 | 0 | 0 | 0 | **29** | **55** | **52,73** |
| **Вдомени** | 12 | 21 | 7 | 0 | 0 | 0 | **40** | **44** | **90,91** |

Заловени и третирани се 285 кучиња и во споредба со 2018 година – 405 кучиња бележи намалување за 120 односно за 29,63%. По извршените прегледи од страна на ветеринар, констатирана е потреба од еутаназија и истата е извршена на 29 кучиња. Ова намалување се должи на тоа што во периодот Јануари – Јуни/2019 година, Одделението за третман на бездомни животни (кучиња) своите активности ги извршуваше заклучно со м.март, кога е изречена забрана за заловување на бездомни кучиња од страна на АХВ.

## 1.4. Други оперативни активности

### - 1.4.1.ЕКО - патрола

Во текот на првите шест месеци во 2019 година направени се 727 записници од кои: за расфрлан комунален отпад и шут 235 записници и во однос на 2018 година кога се направени 186 записници, бележиме зголемување за 26,34%, додека кај едукативни записници во 2019 година – 492 и во однос на минатата година кога беа направени 541 записник бележиме намалување од 9,06%, со кои сторителите се упатуваат како да постапуваат со отпадот во иднина.

Во ова полугодие бројот на вкупно изготвени записници во однос на 2018 е на исто ниво, што ја покажува континуираната ангажираност на одделението и потребата за постојани средби со граѓаните за подигнување на свеста за почиста животна средина, се со цел да се подобри изгледот на градот .

Откриени се 654 м$^3$ разновиден комунален отпад на повеќе локации низ Градот и истиот е расчистен.

Во Прегледот што следи може да се види бројот на извршени интервенции за периодот Јануари – Јуни/2019 по Општини споредени со истиот период во 2018 година:

**ПРЕГЛЕД**
**На извршени интервенции за комунален отпад**
**(број на записници и откриен и расчистен комунален отпад) по Општини**

| Ред.бр. | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад 2019 г. | | Записници за комунален отпад 2018 г. | | Индекс | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Откриени и расчистени М³ | Број на записници | Откриени и расчистени М³ | Број на записници | (3:5) | (4:6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Општина Центар | 148 | 43 | 75 | 32 | 197,33 | 134,38 |
| 2. | Општина Карпош | 89 | 34 | 58 | 22 | 153,45 | 154,55 |
| 3. | Општина Аеродром | 70 | 26 | 82 | 32 | 85,37 | 81,25 |
| 4. | Општина К.Вода | 61 | 29 | 54 | 23 | 112,96 | 126,09 |
| 5. | Општина Чаир | 212 | 66 | 159 | 54 | 133,33 | 122,22 |
| 6. | Општина Бутел | 20 | 10 | 2 | 2 | 1.000,00 | 500,00 |
| 7. | Општина Гази Баба | 28 | 14 | 39 | 13 | 71,79 | 107,69 |
| 8. | Општина Ѓ.Петров | 26 | 13 | 16 | 8 | 162,50 | 162,50 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно записници** | | **654** | **235** | **485** | **186** | 134,85 | 126,34 |

### 1.4.2. Дежурен телефон

Во разгледуваниот период на дежурниот телефон биле регистрирани 547 јавувања од граѓани.

Најголем дел од јавувањата се однесуваат на неподигнат отпад од канти и контејнери (395 јавувања) , за кои е интервенирано и отпадот е подигнат во наредните денови.

### 1.4.3. Еколошка едукација

Одделението за Маркетинг и односи со јавност, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи.

Во периодот од Јануари – Јуни/2019 година, Еко предавањата се реализираа во пет општини и тоа во Општините Кисела Вода, Центар, Гази БабаЃорче Петров и Карпош.Посетени беа 6 основни училишта.

Со предавањата беа опфатени вкупно 286 ученици кои се стекнаа со нови знаења за правилно постапување со отпадот, селекцијата, рециклирањето и чистата животна средина.

Исто така беа реализирани и средби и контакти со граѓани на кои беа едуцирани како да постапуваат со комуналниот отпад, се со цел подигнување на јавната свест за здрава и чиста околина.

Во Прегледот што следи дадена е реализираната едукација по месеци и Општини за периодот од 01.01 – 30.06.2019 година:

**Реализирана едукација по Општини во основни училишта**

| Месец | Општина | Бр. на училишта | Бр. на ученици |
|---|---|---|---|
| Февруари | Гази Баба | 1 | 74 |
| Март | Центар | 1 | 70 |
| Април | Ѓорче Петров | 1 | 38 |
| | Кисела Вода | 1 | 52 |
| Мај | Ѓорче Петров | 1 | 24 |
| | Карпош | 1 | 28 |
| **Вкупно:** | | **6** | **286** |

**Вонредни активности**

Во периодот јануари - јуни/2019 година, ЈП Комунална хигиена Скопје беше ангажирана во расчистување на диви депонии од комунален отпад (градежен шут,земја,гранки и друго) на територијата на сите Општини од Градот Скопје од каде расчисти вкупно 4.647 м$^3$ неправилно отфрлен отпад.

Во делот на вонредните активности ЈП за периодот јануари – јуни/2019 година, спроведе повеќе акции за расчистување на диви депонии, отстранување на несоодветно отфрлен градежен и кабаст отпад, машинско и рачно миење на јавните сообраќајни површини. Исто така ЈП продолжи со спроведување на акциите за генерално чистење на Општините во Градот Скопје.

## 2. МЕХАНООПРЕМЕНОСТ

### 2.1.Состојба на возниот парк

Вкупниот број на специјални комунални возила расположиви за остварување на Програмата за собирање и транспорт на комуналниот отпад од подрачјето на град Скопје и од населените места од руралните подрачја како и спроведување на Оперативниот план за одржување на јавната чистота на подрачјето на град Скопје во разгледуваниот период до 30.06 2019 год. изнесуваат 159 возила. Во овој период е набавено 1 специјално комунално возило:

**1.** Товарно возило Ман Trx 18.460 4x2 Блс

Од вкупно расположиви 159 возила просечно во функција биле 114 односно 71,69 % а во 2018 год. 68,07 %.

**Преглед**
**На состојба на возила по видови (расположив и просечно исправни)**
**за период I-VI-2019 год.**

| Ред број | Возила | Состојба 30.06.2019 | Состојба 30.06.2018 | Просечно расположиви возила | Просечно во функција |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Специјални комунални возила за собирање ком.отпад | 78 | 83 | 78 | 49 |
| 2 | Спец.ком.возила-мини од 1м3 и 1,5м3-пиаџа за транспорт на контејнери | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 3 | Влекачи и полуприколки | 13 | 12 | 13 | 12 |
| 4 | Комбинирки и самоподигачи | 12 | 12 | 12 | 11 |
| 5 | Кипери | 4 | 5 | 4 | 4 |
| 6 | Патарки | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 7 | Метлачки и Метлачки на електр.погон | 13 | 13 | 13 | 11 |
| 9 | Цитерни за миење на улици | 14 | 15 | 14 | 11 |
| 10 | Цистерни фекалки | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 11 | Останати возила | 14 | 15 | 14 | 8 |
| | **Вкупно I-VI-2019год.** | **159** | **165** | **159** | **116** |
| | **Вкупно I-VI-2018год.** | | | **166** | **113** |

## 2.2. Потрошувачка на гориво

### 2.2.1. Потрошувачка на Дизел гориво

Вкупната потрошувачка на **Дизел гориво** на специјалните комунални возила за разгледуваниот период во 2019 г. како најголем трошок од работењето изнесува 363.096,47 литри и во однос на истиот период од 2018 год. 364.450,42 литри бележи **намалување за 1.353,95 литри**.- односно за 0,38% ( кај специјалните комунални возила намалувње од 3.835,07 литри односно за 1,09%, а кај службените возила - патнички зголемување од 2.481,12 литри односно 25,05%).

Потрошувачката **на бензин еуросупер 95** бележи **зголемување од 2.646,05 литри** -10,71%. **Плинот ТНГ** бележи **зголемување од 868,98** литри- односно 56,35%. **(Преглед бр.1).**

**ПРЕГЛЕД бр.1**
**На потрошено гориво за разгледуваниот период 2019 г.споредено со 2018г**

| Ред. бр. | Гориво | I- VI-2019г. | I-VI-2018г. | Разлика (2-3) | Индекс (2:3)x100 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **1.** | **Еуродизел гориво (1.1+1.2)** | **363.096,47** | **364.450,42** | **-1.353,95** | **99,62** |
| **1.1** | Спец.комунални возила-Магацин 8 | 350.714,03 | 354.549,10 | -3.835,07 | 98,91 |
| **1.2** | Службени возила(патнички) | 12.382,44 | 9.901,32 | 2.481,12 | 125,05 |
| **2.** | **Еуросупер 95** | **27.334,36** | **24.688,31** | **2.646,05** | **110,71** |
| **3.** | **Плин Т Н Г** | **2.411,05** | **1.542,07** | **868,98** | **156,35** |

**Во исто време трошоците за потрошено еуродизел гориво само за специјалните комунални возила (Магацин бр.8) како најголем трошок** за разгледуваниот период I-VI-2019 год. изнесуват 17.973.262,85 ден и во однос на истиот период од 2018г. - 18.120.399,37 ден бележи намалување од 147.136,52 ден. односно 0,82 %. Намалениот трошок е резултат од намалена потрошувачка на горивото на специјалните комунални возила за 3.835,07 литри и намалена цена на горивото.

**Намалените трошоци за потрошеното дизел гориво за 0,82% се резултат на:**

**- намалена цена на дизел горивото за 0,82% и од**

**- намалена количина на потрошеното дизел гориво за 0,38 % .**

Движењето на просечните-средни продажни цени на горивата во 2019 год. споредени со 2018 год. се прикажани во следниот:

**Преглед бр.2**
**На просечни - средни цени на горивата**

| Гориво | Средна цена на Дизел гориво, Бензин и ТНГ | | Индекс (2:3)x100 |
|---|---|---|---|
| | I- VI-2019г | I- VI-2018г | |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Еуродизел гориво(без ддв)** | **50,83** | **50,86** | **99,94** |
| **Еуросупер 95 (без ддв)** | **55,9** | **57,97** | **96,43** |
| **Т Н Г (без ддв)** | **25,05** | **24.88** | **100,68** |

**Количината на потрошеното дизел гориво само за специјалните комунални возила** за разгледуваниот период во 2019 год. изнесува 350.714,03 литри и во однос на 2018г. -354.549,10 лит. бележи **намалување за 3.835,07 литри односно за 1,09 %.**

**Преглед бр.3**
**На потрошено еуродизел гориво – литри по типови на возила**

| Ред. број | Видови на возила по намена | Дизел гориво ( литри) | | Разлика (2-3) | Индекс (2:3)x100 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | I-VI-2019 | I-VI-2018 | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Возила за собирање на смет (куки, влекачи, полуприколки, подигнувачи, кипери и патарки) | 318.797,70 | 325.991,06 | -7.193,36 | 97,79 |
| 2. | Возила за миење и метење на јавни сообраќајни површини, за расчистување на мали депонии и подигање шут | 21.471,70 | 20.819,19 | 652,51 | 103,13 |
| 3. | Фекалки | 753,95 | 643,89 | 110,06 | 117,09 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Останати ком.возила (за селекција на отпад за подигање на мрши и заловување на кучиња, утоваривач,за превоз на котејнери,вилушкар и др.) | 9.690,68 | 7.094,96 | 2.595,72 | 136,57 |
| | **Вкупно:** | **350.714,03** | **354.549,10** | **-3.835,07** | **98,91** |

**Потрошувачката на дизел горивото кај возилата за собирање и транспорт на комуналниот отпад е намалена за 7.193,36 поради зголемениот број на тури кој одат на претоварните станици.**

Од приложениот Преглед бр.4 може да се констатира дека количината на собраниот комунален отпад е намален за 1.806 тони, бројот на турите на Депонија Дрисла е намален за 2.849 тури и турите на претоварните станици е зголемен за 7.731 тури.

## Преглед бр. 4
## На собран и транспортиран комунален отпад и потрошено Дизел гориво за период I-VI-2019 год.споредено со I-VI-2018 год.

| Ред. број | Елементи | I-VI-2019год. | I-VI-2018год. | Разлика (2-3) | Индекс (2:3)x100 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Потрошено дизел гориво на возилата за собирање на ком.отпад | 318.797,70 | 325.991,06 | -7.193,36 | 97,79 |
| 2 | Собран и транспортиран комунален отпад(тони) | 72.495 | 74.301 | -1.806 | 97,56 |
| 3 | Број на тури на Депонија .Дрисла | 11.800 | 14.649 | -2.849 | 80,55 |
| 4 | Број на тури на претоварни станици | 13.133 | 5.402 | 7.731 | 243,11 |
| 5 | Однесен ком. отпад по тура (2:3) | 6,14 | 5,07 | 1,07 | 121,10 |
| 6 | Дизел гориво-лит/тон ком.отпад (1:2) | **4,39 л/тон отпад** | **4,38 л/тон отпад** | | |

**2.** Количината на потрошено гориво за службените возила -патнички и на специјалните мали возила кои транспортираат отпад, а користат еуросупер 95, како и оние лесни возила кои користат плин и дизел за разгледуваниот период се прикажани во следниот:

## ПРЕГЛЕД бр.5
## На вкупно потрошено гориво (Бензин еуросупер 95, плин и дизел) за период 01.01 -30.06/2019 г. споредено со истиот период во 2018 г.

| | **КОРИСНИЦИ** | **Плин ТНГ/литри** | | **Еуросупер 95/л** | | **Еуродизел /л** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I-VI-2019** | **I-VI-2018** | **I-VI-2019** | **I-VI-2018** | **I-VI-2019** | **I-VI-2018** |
| | **I-ЛЕСНИ ВОЗИЛА-Патнички** | | | | | | |
| 1. | Службени возила-патнички | 1.863,21 | 1.332,80 | 8.487,85 | 6.152,11 | 10.237,40 | 9.738,83 |
| 2. | Надокнада за користење на сопствени возила за службени цели . | 356,12 | 37,74 | 126,30 | 11,43 | 1.931,92 | 162,49 |
| 3. | Пописни комисии | 191,72 | 171,53 | 93,63 | 126,13 | 213,12 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно (1-3)** | **2.411,05** | **1.542,07** | **8.707,78** | **6.289,67** | **12.382,44** | **9.901,32** |
| | **Разлика(2019-2018)** | **868.98** | | **2.418.11** | | **2.481,12** | |
| | **II- СПЕЦИЈАЛНИ КОМУНАЛНИ ВОЗИЛА** | | | | | | |
| 1. | Мали возила за собирање на отпад | 0 | 0 | 18.200,70 | 18.017,38 | 0 | 0 |
| 2. | Агрегат | 0 | 0 | 425,88 | 381,26 | 0 | 0 |
| | **Вкупно (1-2)** | **0** | **0** | **18.626.58** | **18.398.64** | **0** | **0** |
| | **Разлика (2019-2018)** | **0** | | **227,94** | | **0** | |
| | **СЕ Вкупно(I+II):** | **2.411,05** | **1.542,07** | **27.334,36** | **24.688,31** | **12.382.44** | **9.901,32** |
| | **Вкупно разлика (2019-2018)** | **868,98** | | **2.646,05** | | **2.481,12** | |

Од приложената Табела на потрошеното гориво за разгледуваниот период во 2019 год. споредено со истиот период во 2018 год.може да се констатира следното:

**Вкупно потрошеното гориво за период I-VI-2019г.споредено со истиот период од 2018 г. може да се констатира дека:**

**- плин ТНГ е зголемен за 868,98 литри**
**- бензинот еуросупер 95 е зголемен за 2.646,05 литри и**
**- дизел горивото е зголемено за 2.481,12 литри.**

**I . Потрошувачката на горивата кај лесните возила по корисници и вид на гориво е следна:**

- **Вкупната потрошувачка на Плинот ТНГ** за разгледуваниот период во 2019 год. изнесува 2.411,05 литри и во однос на 2018 г. – 1.542,07 литри бележи зголемување за **868,98** литри односно за 56,35 % како резултат на зголемена потрошувачка на гориво кај корисниците задолжени со службени возила - патнички возила.

- **Вкупната потрошувачка на бензинот** ( еуросупер 95) за разгледуваниот период во 2019 год. изнесува 8.707,78 литри и во однос на 2018год. – 6.289,67 литри, бележи зголемување за **2.418,11** литри односно за 38,44% како резултат на зголемена потрошувачка на гориво кај корисниците задолжени со службени возила - патнички возила.

- **Вкупната потрошувачка на дизел** горивото за разгледуваниот период во 2019 год. изнесува 12.382,44 литри и во однос на 2018 год. – 9.901,32 литри, бележи зголемување за **2.481,12** литри односно за 25,05% како резултат на зголемената потрошувачка на гориво кај корисниците задолжени со службени возила - патнички возила и кај оние кои користат надокнада заради користење на сопствени возила за службени цели.

Ова зголемување се должи на зголемениот обем на работа во изминатите месеци, односно лесните возила како службените така и сопствените за службени цели кои ги користат одделенијата од оператива, Еко патрола и внатрешна контрола работеа во три смени, се со цел зголемена контрола на работењето, како и подобрување на хигиената во Градот.

**II. Потрошувачката на гориво бензинот ( еуросупер 95) кај специјалните комунални возила за собирање и транспорт на комуналниот отпад, метлачки дувалки и кај пијаџата** за пренесување на контејнери за разгледуваниот период во 2019 год. изнесува 18.626,58 литри и споредено со истиот период од 2018 год.- 18.398,64 литри бележи зголемување од 227,94 литри

**3.** Потрошувачката на **МЕТАН** кај двете полуприколки во периодот I-VI-2019 изнесува **2.953,33** и споредено со I-VI-2018 **2.852,28** е зголемено за **101,05** литри.

## 2.3. Инвестиции во Основни средства

Во Преглед што следи се прикажани Инвестиционите вложувања по видови за разгледуваниот период јануари – јуни/ 2019 год

**Вкупните инвестиции јануари – јуни/2019 год. изнесуваат 7.139.485.00 ден.**

Најголем процент од инвестициите има Специјалното возило Ман со вредност од **5.376.600,00** денари

| РЕД. БР | НАЗИВ | | НАБАВНА ЦЕНА | ВКУПНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|
| | ОПРЕМА | Кол. | | |
| 1. | СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА и МАШИНИ | | | |
| | Товарно возило Ман Trx 18.460 4x2 Блс | 1 | 5.376.600,00 | 5.376.600,00 |
| | Вкупно: | | | **5.376.600,00** |
| 2. | ОПРЕМА И АЛАТ ЗА РАБОТА | | | |
| | Дигалка двостолбна 4-5 т. | 1 | 279.000,00 | 279.000,00 |
| | Пнеуматска цилиндрична дигалка 50 т. | 2 | 123.690,00 | 247.380,00 |
| | Пнеуматска цилиндрична дигалка 22 т. | 1 | 35.805,00 | 35.805,00 |
| | Хидраулицна дигалка 0,5 т. | 1 | 22.320,00 | 22.320,00 |
| | Вап машина за перење боксови | 1 | 119.950,00 | 119.950,00 |
| | Пнеуматски ударен одвртувач мини 1 | 1 | 54.208,00 | 54.208,00 |
| | Пнеуматски ударен одвртувач 3/4 | 1 | 37.820,00 | 37.820,00 |
| | Пнеуматски ударен одвртувач 1/2 | 1 | 26.660,00 | 26.660,00 |
| | Пнеуматски ударен одвртувач мини 1/2 | 1 | 21.080,00 | 21.080,00 |
| | Сталак за расклопување и склопување мотор | 1 | 24.000,00 | 24.000,00 |
| | Гарнитура насадни клучеви со 3/4 прифат 22-50мм | 1 | 18.662,00 | 18.662,00 |
| | Вкупно: | | | **886.885,00** |
| 3. | ОПРЕМА ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ОТПАД | | | |
| | Метален контејнер од 5м$^3$ | 20 | 43.800,00 | 876.000,00 |
| | Вкупно: | | | **876.000,00** |
| | **СЕ ВКУПНО :** | | | **7.139.485,00** |

## 3. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### 3.1. Број на вработените

Бројот на вработените во ЈП Комунална хигиена според Извештајот на Одделението за човечки ресурси на ден 30.06.2019 година изнесува 1.274 вработени . Движењето на работната рака за овој период е следна:

- Состојба на ден 01.01.2019 год 1.056 работници
- Отидени работници по разни основи 24 работници
- Примени работници 242 работници

**Состојба на ден 30.06.2019год. 1.274 работници**

**Бројот на отидени работници** за разгледуваниот период изнесува 24 работници на кои работниот однос им престанал по следните основи:

- по основ на старосна пензија....................... 12 работници
- неплатено одсуство......................................... 5 работници
- отказ................................................................ 3 работници
- по свое барање.......................................... 2 работници
- починати.......................................................... 2 работници

**Вкупно: 24 работници**

Вкупниот број на вработени по Кадрова евиденција со состојба 30.06.2019 г изнесува 1.274 работници и споредени со истиот период од 2018 год. од 1.059 работници покажува зголемување за 215 работника односно 120,30%.

**Просечниот број на вработени** по работни места за разгледуваниот период во 2019 год. изнесува 1.159 работници и споредени со 2018 год. 1.082 работника бележи зголемување за 77 работници односно за 7,12%. (Преглед бр.2).

**Просечниот број на вработени по вкалкулирани часови** во 2019 год. изнесува 1.288 работници и во однос на 2018 год. -1.210 работници се зголемени за 78 работници односно за 6,45 %. како резултат на зголемен број на работници кои оствариле и повеќе прекувремени работни часови.

**П Р Е Г Л Е Д бр.2**
**Просечен број на вработените по работни места и по вкалкулирани часови I-VI-2019 год.споредени *со* I-VI-2018год.**

| Месец | Просечен број на вработените по работни места | | Индекс (2:3) | Просечен број на вработените по вкалкулирани часови | | Индекс (5:6) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2019 | I-VI-2018 | | I-VI-2019 | I-VI-2018 | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Јануари | 1.052 | 1.092 | 96,34 | 1.191 | 1.241 | 95,97 |
| Февруар | 1.171 | 1.092 | 107,23 | 1.257 | 1.198 | 104,92 |
| Март | 1.168 | 1.084 | 107,75 | 1.253 | 1.182 | 106,00 |
| Април | 1.165 | 1.079 | 107,97 | 1.247 | 1.214 | 102,72 |
| Мај | 1.164 | 1.076 | 108,18 | 1.361 | 1.230 | 110,65 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јуни | 1.231 | 1.069 | 115,15 | 1.417 | 1.196 | 118,48 |
| **ПРОСЕК** | **1.159** | **1.082** | **107,12** | **1.288** | **1.210** | **106,45** |

### 3.2.Искористеност на фонд на работно време

За разгледуваниот период во ЈП Комунална хигиена се остварени вкупно 1.160.429 работни часа од кои 1.009.196 работни часа односно 86,97 % се од ефективно работно време, а остатокот од 151.233 работни часа или 13,02% отпаѓа на изостанувања по разни основи што се гледа во:

**П Р Е Г Л Е Д бр.1**
